Врз основа на член 34 став 1 точка 1 и член 66 став 2 од Законот за вештачење („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23), на Основачкото Собранието на Комората на вештаци на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25.09.2024 година, донесе

# ДЕЛОВНИК

## за работа на Собранието на Комората на вештаци

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Собранието на Комората на вештаци (во натамошниот текст: Собрание на Комората), како и начинот на свикување, одржување и одлучување на седниците на Собранието на Комората.

**Член 2**

Собранието на Комората го сочинуваат раководителите и избраните претставници на професионалните одделенија.

## II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА

**Член 3**

Членот на Собранието на Комората, има право и должност:

- да учествува на седниците на Собранието на Комората, да расправа по сите прашања од дневниот ред на седницата и да учествува во носењето одлуки на Собранието на Комората;
- на седниците на Собранието на Комората да поднесува предлози и поставува прашања и

- да биде биран во органите и работните тела што ги избира Собранието на Комората.

## III. СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА

### Свикување и раководење со седници

**Член 4**

Редовна седница на Собранието на Комората се свикува најмалку еднаш годишно.

Седниците на Собранието на Комората ги свикува и со нив раководи претседателот на Комората.

Претседателот на Комората свикува вонредна седница на Собранието на Комората врз основа на одлука на Управниот одбор или на писмено барање од најмалку 20 члена на Комората.

Доколку во рок од 30 дена од добивање на одлуката на Управниот одбор односно барањето на членовите на Комората, претседателот на Комората не свика седница на Собранието на Комората, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор определен од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето или министерот за правда.

Со седницата на Собранието на Комората од ставот 3 на овој член раководи работно претседателство од тројца членови, избрани од присутните претставници на седницата на Собранието на Комората.

### Кворум за работа и одлучување на седници

**Член 5**

Седницата на Собранието на Комората се одржува ако се присутни најмалку половина од вкупниот број членови на Собранието на Комората, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку на седницата на Собранието на Комората не се присутни половина од вкупниот број членови, седницата се свикува повторно_во дополнителен рок од 30 дена.

На седницата свикана во дополнителниот рок, е потребно присуство од најмалку една третина од вкупниот_број членови, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

На седниците на Собранието на Комората може да бидат повикани да присуствуваат и да земат учество во дискусија без право на глас, универзитетски професори, судии, јавни обвинители и други истакнати стручњаци за прашања од точките на Дневниот ред на седницата.

**Покана за седница**

**Член 6**

Поканата за присуство на седница на членовите на Собранието на Комората и на другите поканети учесници на седницата им се доставува во електронска форма најдоцна во рок од 7 дена пред почетокот на седницата.

Поканата од ставот 1 на овој член содржи:

- датум, време и место на одржување на седницата;
- предлог дневен ред на седницата и
- материјали за точките од предложениот дневен ред.

**Тек на седницата**

**Член 7**

На почетокот на седницата се утврдува дневниот ред.

Секој член на Собранието на Комората може да предложи дополнување на дневниот ред кој се утврдува со мнозинство гласови од бројот на присутните членови.

**Член 8**

Во случај на спреченост на Претседателот на Комората, седницата ја води најстариот член на Собранието на Комората.

**Член 9**

По утврдување на дневниот ред и прифаќање на записникот од претходната седница се преминува на расправа по точките на дневниот по редоследот по кој се наведени во дневниот ред.

По исцрпување на расправата по секоја точка, претседателот на Комората формулира предлог одлука или заклучок кој го става на гласање за усвојување.

Во расправата, покрај членовите на Собранието на Комората, може да се вклучат и лицата поканети да учествуваат во работата на седницата.

Претседателот на Комората му дава збор за учество во расправа на секој пријавен согласно редоследот на пријавување.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот на Комората ја заклучува седницата.

### Одлучување

### Член 10

Одлуките и заклучоците на Собранието на Комората се носат со мнозинство гласови од присутните членови.

Членовите за секој предлог гласаат со изјаснување „за“, „против“ или „воздржан“.

Во случај да биде даден амандман на некоја одлука или заклучок, претседателот на Комората најпрво го става на гласање амандманот, па потоа ако тој не биде усвоен, го става на гласање основниот предлог на одлуката односно заклучокот.

### Записник

### Член 11

За текот на седницата се води записник.

Записникот од став 1 на овој член го води записничар кој се избира на седницата.

Во записникот се внесуваат следниве податоци: број на одржана седница, место и времетраење на одржување на седницата, присутни и отсутни членови, присутни поканети лица, дневен ред и приказ на дискусијата и одлуката заклучокот или мислењето донесени по секоја точка од дневниот ред.

Записникот се усвојува на наредната седница.

По усвојувањето записникот го потпишуваат претседателот на Комората и записничарот.

Записникот и усвоените одлуки и заклучоци се чуваат во архивата на Комората.

## IV. АКТИ НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА

### Член 12

Актите што ги донесува Комората се објавуваат на веб страницата на Комората.

Претседателот на Комората ги потпишува актите донесени од Собранието на Комората.

Актите на Комората го содржат и печатот на Комората.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 13

Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Деловникот се објавува на веб страницата на Комората и на веб страницата на Министерството за правда.

Скопје
25.09.2024 г.

Собрание на Комората на вештаци
на Република Северна Македонија

застапник/претседател

___________________________

Виктор Камнар